РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 26 - 3651/1
26.08.2026 год.
ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22, 03/25),
Градоначалникот на Општина Велес, на ден .08.2026 година донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планските документи Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ" (Моша Пијаде), ул.„Алексо Демниевски" и ул.„Новопланирана улица 1", Општина Велес.
   Согласно член 33 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), постапката за изработување и донесување на измената и дополна на генералниот урбанистички план ќе се води во обединета постапка, а потребата да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина е согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како засегнати органи од имплементација на Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ" (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски" и ул. „Новопланирана улица 1", Општина Велес се определуваат следниве: Општина Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски.
3. Изработката на Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ" (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски" и ул. „Новопланирана улица 1", Општина Велес ќе има влијаније врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание по однос на генерирање на отпад, влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
6. Со изработка на планските документи ќе се овозможат услови со позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со донесување на Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ" (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски" и ул. „Новопланирана улица 1", Општина Велес ќе се создаваат услови за урбанизација, развој и напредок на населените места.
7. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

Изработил: Даниела Петковска
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков